Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101 од 22.5.2019 година ), а во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-53/3 од 03.06.2024 година, директорот на Државниот испитен центар Скопје го донесе следното:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 03-54/3
19.6. 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

**РЕШЕНИЕ**

**за одбивање на Барањето за пристап до информации од јавен карактер**

1. Се одбива Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од лицето Герман Филков, преку Министерството за образование и наука, по електронски пат на е-маил адресата на Државниот испитен центар Скопје, бр 03-53/3 од 03.06.2024 год.
2. Ова Решение влегува во сила на денот на неговото донесување.

**Образложение**

Согласно член 3, став 1, алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „информација од јавен карактер“ е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности“.

Лицето Герман Филков до Министерството за образование и наука доставило Барање за пристап до информации од јавен карактер. Барањето од Министерството за образование и наука е доставено на службената е-меил адреса на Државниот испитен центар на 03.06.2024 година, бр. 03-53/3 во електронска форма. Во Барањето е наведено дека се бараат „*Податоци за просечните резултати од матурата во 2023 година по предметите математика и мајчин јазик, по училиште и општина, во ексел фајл или во сличен фајл во отворен формат (machine readable format)*“.

Државниот испитен центар нема создадено и не располага со податоци за просечните резултати од матурата во 2023 година по предметите математика и мајчин јазик, по училиште и општина, во ексел фајл или во сличен фајл во отворен формат (machine readable format).

Со оглед на гореизнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** *Против ова решение подносителот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 (петнаесет) дена сметано од денот на приемот на решението.*

Изготвил: д-р Б. Ламева

Б. Ламева

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
Директор,
м-р Билјана Михајловска